**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА**
**ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ СКОПЈЕ**

# Постапка за пријава, оценка и одбрана на докторска дисертација

Член 189
Студентот кој ги положил предвидените испити и го освоил потребниот број кредити на студиска програма од трет циклус, може да поднесе пријава за изработка на докторска дисертација до Советот за докторски студии на единицата.
Пријавата содржи: јасно изнесена работна хипотеза (образложен предлог на темата на дисертацијата, материјалот што ќе се користи, методот на работа и резултатите што се очекуваат, диплома, односно уверение за научен назив магистер на науки, опис на објавените научни и високо стручни трудови, изјава на кандидатот дека иста тема на докторска дисертација нема пријавено на друга установа во земјата и странство, како и изјава дека докторската дисертација ќе биде резултат на автентично истражување на кандидатот.
(Статут на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ Битола)

**КАНДИДАТОТ ДО СОВЕТОТ ЗА ДОКТРОРСКИ СТУДИИ ПОДНЕСУВА**:

1. Скица (образложение) за изработка на докторскта теза,
2. План за работа
3. диплома, односно уверение за научен назив магистер на науки
4. Кратка биографија (CV) на кандидатот, со опис на објавените научни и високо стручни трудови
5. изјава на кандидатот дека иста тема на докторска дисертација нема пријавено на друга установа во земјата и странство,
6. изјава дека докторската дисертација ќе биде резултат на автентично истражување на кандидато
7. Електронска верзија на поднесените документи (CD)

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ**
**Бр. _______________ / _________**
**____________________ 2011 година**
**С К О П Ј Е**

**ДО**
**СОВЕТОТ ЗА ДОКТОРСКИ СТУДИИ НА**
**ФАКУЛТЕТОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ - СКОПЈЕ**

# П Р И Ј А В А
## за докторски труд

Од _____________________________________________________________,

роден/а на ____________________________________________________година,

во ____________________________________________________________, со стан на

ул.____________________________________________________________, Бр. _____,

од _____________________________________.

Барам да ја утврдите подобноста на кандидатот темата за докторска дисертација „_______________________________________________________________

_______________________________________________________________“,

бидејќи ги исполнувам условите за поднесување на пријава за изработка на докторски труд содржани во членот 189 од Статутот на Универзитетот „Св.Климент Охридски„ – Битола.

**Во прилот на Барањето поднесувам**:

1.Скица (образложение) за изработка на докторскта теза,
2.План за работа
3.Диплома, односно уверение за научен назив магистер на науки
4. Кратка биографија (CV) на кандидатот, со опис на објавените научни и високо стручни трудови
5.Изјава на кандидатот дека иста тема на докторска дисертација нема пријавено на друга установа во земјата и странство,
6.Изјава дека докторската дисертација ќе биде резултат на автентично истражување на кандидато
7.Изјава за почитување на законските одредби на авторските права
8.Електронска верзија на поднесените документи (CD)

Скопје,_______________година ____________________________
(Име и презиме на кандидатот)

# ИЗЈАВА

Од ___________________________________________

(Име и презиме на кандидатот)

Изјавувам дека при изработката на докторскиот труд ги почитував позитивните законски прописи од обласа на заштитата на интелектуалната сопственост и некористев реченици или делови од трудови на други автори без да ги почитувам методолошките стандарди.

Изјавата ја давам под полна материјална и кривична одговорност.

Изјавил:

__________________________________

**(Оваа изјава е составен дел на докторската дисртација)**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ**
**Бр. ______________ / ________**
**___________________ 2011 година**
**С К О П Ј Е**

**ДО**
**СОВЕТОТ ЗА ДОКТОРСКИ СТУДИИ НА**
**ФАКУЛТЕТОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ - СКОПЈЕ**

# И З Ј А В А

Од ____________________________________, роден/а ______________ година во ________________ со стан на ___________________ бр.___________ во ______________________________________

Под морална, материјална и кривична одговорност изјавувам дека темата што ја пријавувам за докторски труд под наслов:
„______________________________________________________________________
____________________________________________________________________“,
не сум ја пријавил на друга високообразовна институција во Република Македонија или во странство.

Скопје,______________ година                    __________________________
(Име и презиме на кандидатот)

КРАТКА БИОГРАФИЈА
ФОРМАТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

**РЕФЕРЕНТЕН БРОЈ НА ОГЛАСОТ**

**ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**

Име и презиме
Адреса
Телефон
Факс
Е-пошта

Националност

Датум на раѓање

Пол

**РАБОТНО ИСКУСТВО**

• Датум (од - до)
• Име и адреса на работодавачот
• Област на работа или сектор
• Позиција
• Главни активности и одговорности

**ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКИ**

• Датум (од – до)
• Назив и вид на организацијата во која сте го стекнале образованието и обуката
• Главни предмети/професионални вештини опфатени со обуката
• Стекната квалификација
• Степен во националната класификација (доколку има)

**Лични вештини и способности**

Здобиени во текот на животот и кариерата, но кои не се покриени со формални сертификати и дипломи.

Мајчин јазик

Други јазици

- Читање
- Пишување
- Говорење

Социјални вештини и способности

*Живеење и работење со други луѓе во мултикултурни средини, во ситуации кадешто комуникацијата е важна и ситуации каде што тимската работа е неопходна (на пример култура и спорт) итн.*

Организациски вештини и способности

*Координација и администрација на луѓе, проекти и буџети; на работно место, волонтерска работа (на пример култура и спорт) и дома, итн.*

Технички вештини и способности

*Работа со компјутери, специфични типови на опрема, машини, итн.*

Уметнички вештини и способности

*Музика, пишување, дизајн, итн.*

Други вештини и способности

*Способности што не се спомената погоре.*

Возачка-и дозвола-и

**Дополнителни податоци**

**Прилози**

Заради олеснување на работата на докторантите на Факултетот за безбедност, Советот за докторски студии на седницата одржана на 3.05.2011 го утврди следното:

# УПАТСТВО
# ЗА ИЗРАБОТКА СКИЦА (ОБРАЗЛОЖЕНИЕ) ЗА ДОКТОРСКА ТЕЗА

Докторскиот труд е самостоен научен труд, којшто е резултат на самостојна научна работа и претставува придонес во развојот на соодветната научна, односно уметничка област.

Докторскиот труд по правило треба да биде во рамките на 200–300 страници.

> **[(Член 52 од** ПРАВИЛНИКОТ ЗА УСЛОВИТЕ, КРИТЕРИУМИТЕ И ПРАВИЛАТА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ И СТУДИРАЊЕ НА ТРЕТ ЦИКЛУС СТУДИИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА (пречистен текст)]

Упатството е наменето за Кандидатите кои се во фаза на изработка на ДОКТОРСКИ проект на Факултетот за безбедност - Скопје.
Со упатството се постигнува повисок степен на методолошка усогласеност и единственост во институционалниот пристап на секој кандидат.
Упатството е наменето и за доктораните и менторите на докторскиот проект за полесно, постручно и воедначено водење на студентот при изработката на докторска теза.

## СКИЦА (ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ТЕМАТА)

1. **Насловот на темата е избор на подносителот**
2. **Образложението на темата (скицата) треба да ја има следната структура**

1. Формулација на проблемот
2. Определување на предметот на истражувањето
    - 2.1. Теоретско одредување на предметот
    - 2.2. Појмовно-категоријален апарат
    - 2.3. Операционално определување на предметот
    - 2.4. Дисциплинарно одредување на предметот
    - 2.5. Временско и просторно одредување на предметот
3. Цел на трудот
4. Хипотетичка рамка - хипотези
5. Начин на истражување (методи и техники)
6. Научна и општествена оправданост на истражувањето (тудот)

Докторската теза е самостоен труд во кој до израз доаѓа осопособеноста на кандидатот да се занимава со научно-истражувачката работа и е способен да ја примени методологијата на научното истражување. Затоа секое истражување подразбира доследна и прецизна примена разработка на секој од спомenатите

делови на скицата. Секој дел од скицата има своја структура и содржина. Но, што се содржат деловите на скицата?

## 1.1. Формулација на проблемот

(Овој дел може да се нарече и со други називи: вовед, актуелност на истражувачкиот проблем. Во него се се соопштува актуелноста на прашањето и прашањата што се поставуваат пред кандидатот.

За да истражиме определно прашање, нужно ќе треба да го определиме проблемот и да преминеме на негово формулирање. Со формулацијата на проблемот на истражување се:

а) издвојуваат деловите, димензиите и својствата на појавата што може да се определи како проблем што треба да се решава;

б) врз основа на постојните сознанија се утврдуваат основните хипотетички ставови за проблемот што треба да се истражи, поточно се издвојува и се определува предметот на истражувањето;

в) рангира постојното знаење по степен на значајност за издвоениот проблем и за неговите делови;

г) насочува кон постојните резултати, пред се на оние од предходните истражувања кои се од корист и се во функција на на проблемот на истражување. Овде се соопштуваат сознаија кои можат да се од користат. Постојните резултати можат да се од определени истажувања или се емпириски сознанија (добиен од практиката, интернет или други медиуми) кои имаат поголем или помал степен на непосредност со предметот на истражувањето.

Основни делови на формулацијата на проблемот се:

а) хипотетички ставови;

б) општественои научно значење на истражувањето;и

в) Резултати од предходните истражувања.

### 1.1.1.Хипотетички ставови

Хипотетичките ставови се дел од формулацијата на проблемот со кои:

а) се дефинира (глобално) појавата на која се однесува на проблемот на истражувањето (појавата и проблемот);

б) се издвојуваат деловите, димензиите и својствата кои се сметаат или можат да се сметаат за проблем на истражуваната појава;

в) Издвоените делови се организираат во целини и се дефинираат, па потоа се класифицираат по сродност и се рангираат по однапред утврдени критериуми (природата на содржината).

Хипотетичките ставови се од битно значење за опредување на предметот на истражувањето.

Хипотетичките ставови се условени прво, со појавата и проблемот на кој се однесува истражувањето, второ, со темата насловот и прелиминарното опредување на предметот на истражувањето.

Правила за формулирање на прелиминарното одредување на предметот на истражувањето можат да се прифатат:

а) Прелиминарното опредување на предметот на истражувањето мора да биде конкретно и јасно;

б) Употребата на сврзниците кои не специјализираат врски на кои се однесуваат не треба да се користат;

в) Да се избегнуваат хомоними и синоними;

г) Да се избегнуваат наслови во кои ќе се истражува "местото"; "улогата", "некои" и сл. задачи.

### 1.1.2. Општествено и научно значење на истражувањето на предметот на докторската теза

При утврдувањето на значењето на проблемот со кој се знимава истражувањето, тргнува од становиштето дека проблемот има општествено и научно значење.

Што всушност работиме во овој дел.

Прво, ги димензионираме очекувањата од конкретното истражување со што се отстрануваат барем во начело можните несогаласувања околу (образложението) на темата на истражувањето.

Второ, со овој дел се прогнозира местото на ова истражување (на истражувачкиот проблем) во актуелниот научниот корпус и улогата во разрешувањето на теоретските, научни и општествени проблеми.

При изработката на овој дел од скицата треба да се внимава на:

Прво, овој дел е во непосредна врска со другите два дела од скицата: со целта на истражувањето и општествената и научна оправданост на истражувањето;

Второ, меѓу научното значење и научната цел на трудот мора да постои соодветна согласност. Утврденото значење што ќе го соопшти делува обврзувачки на определувањето на целта на трудот и на образложението за оправданоста на истражувањето на тој предмет.

### 1.1.3. Резултати од досегашното истражување

Во овој дел од скицата се наведуваат оние битни делови и резултати кои авторот непосредно и најмногу ќе ги користи за поставување и изработката на докторскиот труд, потоа ќе ги наведе делата и резултатите на кои авторот ги засновува своите погледи и ставови во конкретното истражување. Тука се наведува целокупната целисходна литература. Во овој дел може да се повикува и на резултати кои му се познати на авторот, но не мора да се докрај научно верификувани. Но особено внимание треба да му се посвети на истражувачките резултати, да ни соопшти авторот дека ги владее сознанијата од областа за која се пријавува, (Тоа е впрочем и обврска на секој кој во основа носи обележје на експерт од својата област).

Овој дел од трудот е опфаќа:

Прво, преглед на резултатите од кои се поаѓа, во него се покажува почетниот фонд и појдовна основа која истражувачот ја користи за засновување на ставовите, дефинирање на поимите, хипотезите, индикатори и тн.

Второ, овој дел од формулацијата на проблемот укажува на тоа кои научни цели се можни.

Трето, овој дел е во непосредна врска со теориското одредување на предметот и претставува клуч за неговото разбирање и толкување.

### 1.2.Предмет на трудот

Во овој дел конкретно се одредува што ќе се истражува. (Овој дел од скицата објективно е и најобемен).

Предметот на истражување има два основни и еден меѓу дел:

а) Теоретско одредување на предметот на трудот; и

б) Операционално одредување на предметот на трудот;

в) и посебен меѓу дел е појмовно категоријален апарат.

### 1.2.1.Теоретско одредување на предметот на трудот

Во овој дел се формираат две целини: првата која ги разгледува постојните сознанија и втората, која е и посебен меѓу дел е појмовно-категоријалниот апарат.

Првата целина се состои од четири дела:

1) провереното научно сознание за предметот на истражувањето во рамките на науката на која и припаѓа (Овде треба да дојде до израз способноста на кандидатот да соопшти колку комуницира со теоријата и теоретските ставови. Тој треба да ни ги соопшти појдовните или неспорните теориски ставови на највлиајтелните автори од областа од која истражува. Не е можно да се пријавува теза, а таа да некомуницира со теорискиот фонд. Дури и тогаш кога станува збор за евристичко истражување, тоа треба да се потпирана постојниот или на нему блискиот теориски фонд на знаења);

2) неверификуваните но сепак научни сознанија за предметот на истражувањето (доаѓаат до израз знаењата и располагањето со информации за предметот на истражување, но тие не се толку или нема доволно информации за степенот на нивната теоретска вредност;

3) емпириско искуствено научно сознание (овде се наведуваат знаењата и информации како резултанта на струката или стручните анализи); и

4) "непостоечко" сознание (ова е најпроблематично) најчесто се однесува на вдахнованието како специфична духовна состојба.

Посебна меѓу целина е **појмовно-категоријалниот систем**. Неговата функција е отстранување на можните недоразбирања и можностите за различно толкување на исти категории и податоци и информации кои се користат во науката. Во рамките на овој систем не се обработуваат поими туку само битните детерминирачки категории и најважните поими и термини. Во овој дел на скицата се образложуваат поимите кои се содржат во насловот и оние поими за кои постојат теориски дебати или различни пристапи. Со, овој дел се избегнуваат или ќе се намалат разликите што постојат за определени категории во определена наука.

### 1.2.2.Операционално одредување на предметот на трудот

Операционалното определување на предметот на истражувањето значи определување на димезиите (варијаблите) на поимот, односно предметот на истражувањето. (Овој дел ви ја условува хипотетичката рамка, посебно бројот на посебните хипотези).

Се состои од четири дела:

Во него таксативно се набројуваат по утврден ред компонентите и **чинителите** кои непосредно ќе бидат истражени. Тие се организираат прво по сегмент - сложени целини на сродните елементарни чинители. Под чинители ги подразбираме сите елементи на структурата, функциите и односите и врските.

Тоа што е наведено во овој дел на истражувањето е конкретизирање на содржината на истражувањето. Имено, се што е наведено во овој дел не може да не се истражува, ниту пак да се дополнува со нешто ново. Овој дел е квантитаттивна мерка на истражувањето и во таа смисла квантитативна мерка на содржината на хипотезите. Бидејќи хипотезите мора да се рециопрочни и симетрични на овој дел, тие треба да го задржат и редоследот со кој е изложена содржината на предметот на истражувањето. (види модел)

**(Еден можен модел на исржаување)**

Иако е неблагодарнио да се шематизра истражувачкиот процес, еден можен модел за општествените науки, а особено за проучувањето на односите во заедниците би бил и следниот. (тој требада се користи само како идеја, а не како решение). Општиот модел на процесот на истражувањето би ги опфаќал следните елементи: 1. **чинители**, функции, односи и врски во општествениот (безбедносниот) процес. 2. **услови** и причини за општествениот (безбедносниот) процес. 3. **учесници**. 4. **мотиви**, цели и вредности. 5. **активности**. 6. **методи** и средства. 7. **последици** (резултати).

**1. Условите** можат да бидат а) природни, б) психички и в) општествени. Во **природните** услови спаѓаат клима, флора, фауна или пак својствата на човекот. Во **психичките** услови спаѓаат процесите на психичкиот живот на човекот. **Општествените** услови можат да се поделат во неколку подгрупи: а) **општоопштествени** и тоа како нации, класи, слоеви; б) **општествено-економски** како што се сопственичките односи, прометот, распределбата; в) **политички услови,** заедници, органи, организации, положби и односи; и г) **општествената свест** како што е културата и творештвото.

2. **Учесниците** можат да бидат според учеството: а) посредни и непосредни. Според субјектите а) индивидуални и групни. Според насоката на дејството а) позитивни и б) негативни.

3. **Мотивите, интересите и целите** Мотивите се непосредно изразени потреби. Интересите артикулиран облик на потребите и целите се рационално и дефиниран и атрикулиран интерес.

4. **Активностите** можат да бидат постојани, трајни, свесни, рационални. Дејностите се манифестираат како: а) функции, б) зафати, в) чинови, г) постапки и д) операции.

Основни функции на општествените процеси се: а) откривање и артикулирање на интересите и целите; б) иницирање и поттикнување на субјектите; в) поврзување и организирање; г) насочување; д) координирање; ѓ) синхронизрање; и е) вреднување.

Етапи во остварувањето на активностите: а) информиарање, б) одлучување, в) организирање, г) комуницирање и д) вреднување.

5. **Методи и средства**. Кога се употребува поимот метод во вид се имаат повеќе значења меѓу кои и тоа дека тој е: 1. Метод на работа во кој е инкорпориран и определен сознаен дел; 2. Однесувањето на носителите на акцијата; 3. Методот е целно и целисходна постапка; 4. ја зафаќа целокупната струтура.

Методот може да се подели на: а) метод на соработка и б) метод на судир. Ефектите од примената на методот можат да бидат: а) усогласување, б) продлабочување, в) компромис, г) принуда и д) насилство.

**Средствата** можат да бидат а) материјално-технички и б) манипулативни. Во материјално-техничките средства се: а) организациона природа, б) организации, в) институции, г) установи, д) норми, пораки и обичаи и средства за физичко десјтво, ѓ) техничко- финансиски средства (орудија, предмети, објекти, технички уреди, опрема). Манипулативните средства опфаќаат мноштво активности меѓу кои и ( образование, информирање и награди).

6. **Резултати**: можат да бидат: а) основни и б) паралелни.

1. Според степеност на оствареноста на целите: а) позитивни (максимални, оптимални и минимални) и б) негативни (незадоволителни, несогласни со целите и спротивни на целите).

2. Според непосредноста на врските со целта резултатите можат да бидат: а) непосредни (основни) резултати; б) паралелни резултати и в) независни резулатати.

3. Според опфатот на содржината на целите на акцијата: прво, а) вкупен, б) фазен и в) парцијален резултат и второ, а) суштински, б) формален, в) реален, г) привиден резултат.

Општествената средина во која делуваат резултатите: а) внатрешни и б) надворешни.

Според дометот резултатите можат да бидат: а) битни, б) значајни, в) споредни, г) беззначајни. Тие можат да бидат и а) историски, б) стратегиски, в) тактички и г) инструментални.)

Во концепирањето на овој дел од трудот се случуваат најмногу грешки. Имено, се заборава прелиминарно да се дефинира предметот и одеднаш се оди на определувањето на чинителите. Грешките се јавуваат во користењето на сврзникот "и" или користењето на термините "проблеми", „аспекти" и сл. Ако се употреби сврзникот "и" значи дека треба да се вклучат сите врски, односи и функции без исклучок. Слично е однесувањето кога ќе се употреби и терминот "проблеми"или „аспекти". Затоа е потребно пред преминувањето на конечното утврдување на чинителите на содржината, да се разјасни рамката на прелиминарното определување на предметот на истражувањето и на хипотетичкиот став во формулацијата на проблемот

2) **Временско одредување на предметот** (СЕ ПОДРАЗБИРА периодот во кој ќе се набљудува појавата пример од 1900-2000 година). Овој дел се разликува од терминскиот план, кој ги опфаќа периодите во кои ќе ги извршуваме истражувачките активности

3) **Просторно одредување на предметот** (се однесува на просторот во кој ќе се набљудува појавата, на пример во Општината Штип, во источна Македонија, во Република Македонија, на Балканскиот полуостров и слично). Најчесто се земаат административни или географски целини, кои можат точно да се определат. Опрделени поими немаат секогаш иста содржина. На пример Општина Прилеп. Таа во различни административни поделби опфаќа различна територија. Затоа треба во овој дел точно да се определи просторот.

4) **Дисциплинарно одредување на предметот** (интра или мултидисциплинарно одредување). Битно е да се наведат наулите и научните дисциплини во чии рамки се проучува предметот на истражување (на пример, социологија, криминологија, педагогија, андрагогијата, право, казнено право, криминалистика, и сл).

### 1.3.Цел на трудот

Целта на трудот се однесува на нивото на научното сознание што ќе го постигнеме со истражувањето. Тие се делат на: **а) научна цел** и **б) практична цел**

Во нивни рамки можна е диференцијација на општи и посебни, основни, изведени, примарни и секундарни цели.

Научна цел може да е: научна дескрипција, научна класификација и типологија, научно откритие, научно објаснение и научна прогноза.

Практичната цел може да биде повеќеслојна.

Во овој дел можат да се наведат и задачите на истражувањето. Тоа е според потребите или мотивираноста на кандидатот.

### 1.4.Хипотетичка рамка - ХИПОТЕЗИ

Хипотетичката рамка е условена од операционалното определување на предметот и од целта на истражувањето. Во операционалното определување на предметот на истражувањето се определени димензиите на истражувањето. Кога се дефинираат хипотезите треба да се цнимава на повеќе правила. Овде ќе спомeнеме некои:

**Основно правило** е хипотезите да не бидат ниту потесни ниту пошироки од предметот на истражувањето. **Второ правило** е тие да бидат адекватни- да одговараат на операционалното определување на предметот на истражувањето, **терто правило** е хипотезите да бидат во согласност со целите на истражувањето и **четврто правило** е хипотезите теоретски и практично да се проверливи.

Во скицата потребно е да се дефинира:

а) **генерална** (и) хипотеза(и),
б) **посебни** и
в) **поединечни** хипотези.

Во проектот се дефинира една генерална и повеќе поединечни.

Поединечните хипотези се аргументираат со индикаторите.

Бројот на посебните хипотези е во тесна врска со димензиите на операционализацијата на предметот на истражувањето.

Бројот на поединечните хипотези може да се развие и да е условен од мноштвоо чиители, чинови што ја дорасчленуваат посебната хипотеза. (Заради сложеноста на изработката на хипотезите, најчесто пријавите за докторски тези не ги разработуваат поедничените хипотези. Тие во основа се оставаат за подоцнежната менторска фаза на работа).

### 1.5.Начин на истражување

Во овој дел таксативно се набројуваат кои методи и техники ќе се користат во собирањето, обработката и интерпретацијата на податоците и сознанијата. Треба да се наведат методите според општоста, но и методите на посебната наука. Посебно треба да се потенцираат: методите, техники, постапки и инструмените што ќе се применат во истражувањето.

Како методи моѓат да се наведат општите методи како што се: аналитичко-синтетичкиот, историскиот, компаративниот, статистичките методи и сл. Посебните методи како што е на пример клиничкиот, методот на анлиза на документите, биографскиот метод,  социометрискиот и сл. Методски постапки за собирање на податоци, интервју, анкета, набљување и сл. Инструменти: анкетен лист, протокол за набљудување, потсетник за разговор и сл.

(Во прилог на скицата можат – но не мораат - се приложуваат инструментите)

Овде задолжително се соопштува примерокот, неговата големина, начинот на конституирањето

**1.6. Научна и општествена оправданост**

Начната оправданост се остварува во два вида:

а) како хевристички резултат и

б) верификаторен резултат.

Општествената оправданост е условена од придонесот на истражувањето во разрешувањето на општествените проблеми.

На крајот се приложува работна библиоргафија-овој дел ќе го приложите на крајот.

1.7. БИБЛИОГРАФИЈА (структурирана според еден од од стиловите нумерички или алфабетски во продолжение дадени како Chicago и Харвард стил)

**2. Што содржи Планот за работа**

Планот за работа е временски план, во која подностелот на пријавата ќе го изнесе прегледот по временски отсечки прашањата кои треба да се сработат и за кое време.

(Досега се случуваше кандидатите да предлагаат можна содржина на трудот. Ваков потфат не е препорачлив, затоа што се мисли - ако подносителот е способен да изготви план (содржина) на трудот, тогаш во голема мера го акцептирал истражувањето).

УПАТСТВА ЗА ПРИМЕНА НА АКАДЕМСКОТО ПИШУВАЊЕ

*

* *

Во продолжение ќе Ви прикажеме некои од активностите поврзани со академското пишување кое треба да дојде до иозраз во Вашата пријава и при изработката на докторската теза. Во продолжение ќе се задржиме на следната содржина:

## 1. СРЕДУВАЊЕ НА ТЕКСТОТ

***Страница***

- Секоја страна треба да ги има следниве карактеристики средени со операцијата Page set up.

***Маргини:***

- Top и Bottom- 2,54: Left и Right- 2,54
- Orientation: Portrait
- Paper:
- A4- 210 по 297

***Фонт***

- Текстот треба да е искуцан во Microsoft Word со македонска поддршка. Фонтот треба да е Times New Roman.

***Големина на font (Font size)***

- Големината на буквите во тектот треба да е 12-ка.

***Форматирање (Формат)***

- Форматирањето на текстот се подесува со прозорчето Формат.
- Оддалеченоста на еден од друг ред од текстот (paragraph) треба да е 1,5 (Line spacing)
- Определување на краевите на еден ред од текстот се определуваат со кликање на командата (Justify)

***Нумерирање на страните***

- Страните се нумерираат со операцијата Insert- Page Number
- Бројот на страната треба да е позициониран (position) во десниот (alignment- right) долен (bottom of page) агол од текстот. Некои страни не треба да имаат број, додека дел од страните се со арапски, а други со мали римски броеви. (ќе биде објаснето кај секој од деловите, каде е специфична примената)

## НУМЕРИРАЊЕ НА ДЕЛОВИТЕ ОД ТЕКСТОТ

- Насловните страни и почетните страни **не треба** да бидат нумерирани со бројка, ниту во содржината, ниту во делот на трудот.
- Исто така и резимето-заклучоците, референците-библиографијата и прилозите не се бележат со бројка.
- Со бројка се обележуваат само деловите од основниот дел од текстот.

## 2. НАСЛОВНИ СТРАНИ
(Ова е национален стандард препорачан од НУБ „Св. Климент Охридски" Скопје).

**а) Насловна страница:**

- *Име на универзитетот*
- *Име на факулетот - место*
- *Име, средна буква и презиме на авторот (без титули)*
- *Наслов на трудот*
- *Поднаслов на трудот (доколку го има)*
- *Вид на трудот (пример докторска дисертација)*
- *Место, година*

**б) Прва страница после насловната:**

| | |
|---|---|
| - *М е н т о р* | *Име, средна буква и презиме* |
| | *Име на факултетот, место* |
| - *Членови на комисијата* | *Име, средна буква и презиме* |
| | *Име на факултетот, место* |

- *Датум на одбраната*
- *Датум на промоцијата*
- *Наука од која се стекнува докторатот*

**в) Втора страница после насловната:**

- *Наслов на трудот*
- *Апстракт (најмногу до 1800 знака, односно 150 до 200 зборови)*
- *Клучни зборови (најмногу 10)*

**г) Трета страница после насловната:**

- Наслов на трудот на англиски јазик
- Апстракт на англиски јазик
- Клучни зборови на англиски јазик

➢ Во апстрактот се дава опис на докторскиот проект и се истакнува поентата на целиот труд.

**3. Изјава за тоа дека трудот е авторски**

3.1Содржина

➢ Во содржината редоследно се наведуваат темите и подтемите на трудот со јасно обележани страни каде истите се наоѓаат.

➢ Содржината е на посебна/и страна/и и се бележи со мали римски букви

***Прилог А***

**УНИВЕРЗИТЕТ “СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ” - БИТОЛА**
**ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ - СКОПЈЕ**

***Никола С. Стефковски***

# СТРУКТУРА И ФУНКЦИИ НА СИСТЕМОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ

со посебен осврт на системот за безбедност во Велика Британија во периодот 1900-1950 година

***Докторска  дисертација***

***С К О П Ј Е, 2010***

**М е н т о р:** проф. д-р Иван А. Петровски
Факултет за безбедност - Скопје
Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола

**Членови на Комисијата:** проф. д-р Живко Поповски
Архитектонски факулет, Скопје
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

Проф. д-р Кирил Ристов
Правен факултет, Кочани
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Проф. д-р Никола Илјушин
Правен факултет - Кичево
Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

проф. д-р Стојан А. Стојанов
Факултет за безбедност - Скопје
Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола

**Дата на одбрана:** 16.11.2010

**Дата на промоција:** ____________________________________

**Наука на која што се стекнува докторатот : БЕЗБЕДНОСНИ НАУКИ**

**ИЗЈАВА**

на студентот

Изјавувам дека при изработката на докторскиот труд ги почитував позитивните законски прописи од областа на заштитата на интелектуалната сопственост и не користев реченици или делови од трудови на други автори без да ги почитувам методолошките стандарди. Изјавата ја давам под полна материјална и кривична одговорност.

Изјавил:

_______________________________

***Прилог 3***
**Пример**:

**СОДРЖИНА**

**Предговор................................................................................................ив**

**Попис на слики........................................................................................х**

**Попис на табели .......................................................................................х**

**Попис на графикони.................................................................................х**

**И.Вовед.......................................................................................................2**

1.1.Проблем и предмет на истражување.......................................................2

1.2.Теориско и опетационално определување на истражувањето.........................5

1.3. Цел на трудот.......................................................................................6

1.4.Методи на истражување.........................................................................7

**2. Полиција во заедницата (Цоммuниту полисинг) ............................................ 9**

2.1. Теоретски пристап во проучувањето на cоммuниту полисинг.........................10

2.1.1. Историски развој...............................................................................10

2.1.2.Законски основи ...............................................................................14

2.1.3. Органуизациски основи на cоммuниту полисинг........................................17

2.1.4. Практични прмени на cоммuниту полисинг...............................................21

2.2.Полиција во заедницата во Република Македонија.........................................23

2.2.1.Историски развој ...............................................................................23

2.2.2. Тешкотии..........................................................................................26

2.2.3. Придобивки .......................................................................................28

2.2.3.1. Пристапи во проучувањето на cоммuниту полисинг ..................................28

2.2.3.2. Стратегија на полицијата во заедница и нејзината имплемнатција...............29

2.2.3.3. Ресурсите на страната на заедницата ......................................................30

2.2.3.4. Достигнувањата (нивоата) на почетните напори за имплементација
на полицијата во заедницата..........................................................................31

2.2.3.5. Мобилизација и подршка .......................................................................32

2.2.3.6. Следење и евалвација на Полицијата во заедницата.................................33

2.2.3.7. Следење и евалвација на промените во полицијата ..................................34

2.2.3.8. Квалитетот на работата иникатор за успешноста на полицјата во
заедницата..................................................................................................35

# Harvard стил за цитирање и наведување на извори во академски трудови

***Подготвила: Проф. д-р Дона Колар-Панов***

Харвард стилот е автор-дата стил. Кога цитирате во текстот со Харвард стилот потребни ви се само презимето на авторот (или авторите), годината на издавање на делото  и број на страницата од каде што е земен цитатот. За библиографијата ви е потребна комплетна библиографска единица.

*Плагијаризам*

Има еден едноставен начин да се избегне ненамерниот плагијаризам. Ако употребувате зборови што други ги напишале, наведете ги авторите. Тоа го правите појаснувајќи дека сте ги употребиле нивните зборови. Цитатите ги користиме како еден вид "евиденција", за да покажеме нешто и, исто така, заради  тоа што тие искажуваат нешто на особено пригоден и дистинктивен начин. Плагијаризмот е мошне тежок академски престап, поради кој можете да биде дисквалификувани, да паднете на испитот и во краен случај да бидете исклучени од универзитетот.

## *1. Користење цитати и парафрази*

### ***Цитати со помалку од 40 зборови***

Ако цитирате некого, а цитатот содржи помалку од 40 зборови (околу три реда), правило е да ставите наводници на почетокот и на крајот на цитатот и да го интегрирате цитатот во некоја реченица.  На пример:

Во делото *Зад смеењето*, Мартин Гротјан (1966), психоаналитичар и следбеник на Фројд, вели дека односот меѓу комедијата и потсвеста е едноставен бидејќи "трагичната вина на синот е пренесена на таткото. Во комедијата, таткото е тој кој е виновен" (стр.86). Тој овде мисли на тоа дека улогите се сменети и сега, синот е тој кој ја игра улогата на таткото.

*Цитати со повеќе од од 40 зборови.*

Кај подолгите цитати, правило е да се вметне празен ред пред да започне цитатот, левата маргина да биде вовлечена и да не се употребуваат наводници на почетокот и на крајот на цитатот. На пример:

Во делото *Зад смеењето*, Мартин Гротјан (1966), психоаналитичар и следбеник на Фројд, зборува за односот меѓу потсвеста и комедијата. Тој пишува:

> Тезата е едноставна, разбирлива и уверлива: трагичната вина на синот е пренесена на таткото. Во комедијата, таткото е тој кој е виновен. Оваа инверзија на вината може да се види, како во класичните комедии на Шекспир, така и во сите други комедии. Злосторникот е жртва на своето сопствено злосторство. (стр.86)

Гротјан овде мисли на тоа дека комедијата, на инверзен начин, е поврзана со Едиповиот комплекс, што објаснува зошто е комедијата универзална и зошто им е толку важна на луѓето .

Долг цитат треба да употребувате само кога навистина верувате дека цитатот е од суштинско значење за аргументацијата што ја развивате и би требало да нагласите зошто сте го употребиле цитатот и зошто е толку значаен.

*Парафразирање*

Парафразираме кога сакаме нечии идеи набрзина да ги резимираме, а не сакаме да го цитираме авторот. Мораме да бидеме внимателни да не го употребуваме истиот јазик на авторот што го парафразираме. На пример:

Гротјан (1966:86) верува дека комедијата вклучува инверзија со која вината се пренесува од синот на таткото. Ова објаснува дека...

**2. Правила за вметнување во текстот на податоци за авторот, годината на издавање и бројот на страницата на цитираното дело:**

- Ако цитатот се наоѓа:

- *Среде реченица:* Завршете го ставот со наводници, наведете го изворот во загради веднаш по наводниците и продолжете ја реченицата;

- *На крајот од реченицата:* Завршете го цитираниот став со наводници, наведете го изворот во загради веднаш по наводниците и завршете со точка или друг знак, надвор од заградата;

- *На крајот на цитатот што е издвоен (вовлечен) од текстот* . Цитирајте го изворот во загради по завршениот интерпункциски знак.

- Ако парафразирате или сумирате мислења на повеќе од еден автор во заграда се ставаат детали за сите тие автори. На пример:

... и други истражувачи се соочуваат со истиот проблем (James 1994:107; Scholtz 1990:95 и Stairs 1992:54).

- Ако во текстот цитирате или прафразирате повеќе од едно дело на истиот автор напишани во иста година потребно е да ги одбележите со мали букви по абецеден ред (внимавајте тие да се поклопуват со одбележувањето во Библиографијата) . На пример:

... аргументите за влијанието на медиумите во општеството се чести (Hartley 1999a) ...истакнувајќи ја телевизијата како најмоќен медиум (Hartley 1999b)…

- Ако цитирате дело без автор од весник или списание, го наведувате името на весникот или списанието, датата на издавањето и страницата на која е објавен написот. Например:

... "тоа беа најнеповолните избори во последните десет години" (Утрински Весник 22.05.2004, стр. 3) како што признаваат...

- Ако цитирате или парафразирате цитат кој е цитиран во некој текст, секогаш мора да ги наведете деталите за авторот на цитатот и деталите за авторот во чие дело се наоѓа цитатот. На пример:

... во студијата на Смит (Smith 1988 цитиран во Jones 1999:33) се докажува...

Напомена: Во Користената литература или Библиографијата го наведувате само делото од кое е земен цитатот, напр. Jones 1999...

- Ако цитирате или пренесувате табела, дијаграм или скица, третирајте ги како делови-цитати на печатени дела според системот автор, дата, страница и број (или друга ознака ) на табелата, дијаграмот или скицата.

- Ако цитирате или парафразирате извори од Интернет или други електронски извори, третирајте ги како и печатените дела, според системот автор, дата, страница (ако има).

### 3. Листа на Користената литература и Библиографија

Харвард стилот бара да се наведат на крајот на текстот сите дела директно употребени (цитирани, парафразирани или спомнати) во текстот под наслов **Користена литература.** Под овој наслов се наведуваат исклучиво само извори кои се употребени (цитирани, парафразирани или спомнати) во текстот, додека во ставот **Библиографија** освен извори кои се употребени (цитирани, парафразирани или спомнати) во текстот, може да се наведат и дела кои биле консултирани, а не биле и директно спомнати во текстот.

*Детали потребни за да се наведат изворите во Користена литература и Библиографија*

Многу е важно да се води евиденција за сите извори на информации кои сте ги употребиле за пишување на текстот, така што кога треба да се креира **Користена литература** или **Библиографија** сите потребни информации ви се при рака. Доколку не водите сметка за сите детали за време на пишувањето на текстот, креирањето на **Користена литература** или **Библиографија** може да се претвори во ноќна мора.

Следниве податоци се потребни за креирање библиографски единици на **Користена литература** или **Библиографија:**

За печатен материјал:

- полно име и презиме на авторот (авторите) или уредникот (уредниците); или име на организацијата, корпорацијата или групата која е автор на делото
- наслов на книгата (изданието -ако има)
- наслов на глава во книгата(ако употребивте само глава)
- наслов на статијата
- наслов на списанието, весникот , магазинот или ревијата
- име на издавачот (ако има)
- место на издавањето (само за книги)
- година на издавањето
- број на волумен (за списанија)
- бројот на списанието, весникот , магазинот или ревијата
- броеви на страници

За извори од Интернет и други електронски материјали:

- полно име и презиме на авторот (авторите) или уредникот (уредниците); или име на организацијата, корпорацијата или групата која е автор на делото
- наслов на Интернет страницата
- наслов на сајтот (web page) дата на која страницата е последен пат менувана (updated) или дата на копирајт
- полна Интернет адреса (URL) на страницата (напр: http://etc.)
- дата на вашиот пристап на страницата
- може да ги наведете и другите детали за кои мислите дека би биле полезни ако некој би сакал да ја посети таа страница.

Во Харвард системот и **Користена литература** и **Библиографија** се пишуваат по абецеден ред во вид на листа на автори и нивните дела. Презимето на авторот секогаш доаѓа на прво место и според презимето се одредува место на листата.

- Ако сте користеле повеќе од едно дело на истиот автор делата треба да бидат распоредени по хронолошки ред, а ако има повеќе дела издадени во истата година од еден автор тогаш ги одбележуваме со мали букви од абецедата (1999a, 1999b).
- Кога има повеќе од еден автор, до три автори се наведуваат сите три, ако има повеќе од три автори се наведува првиот автор и се додава кратенка et al. *(* од Латински *et alli*- и други), нпр. Jones, M.C. et al. (1998).
- Ако се работи за Зборник, Хрестоматија или други вид уредувана публикација, тогаш по деталите за авторот се додава ed. или eds. (од англиски editor-уредник, editors-уредници). Напр. Hartley, J. ed. (1997) или Green, B.N. and Schults, J. eds. (1976). Во случај да се работи за публикација на македонски јазик, наместо ed. и eds. може да се пишува уредник или уредници.

Кога е можно тогаш е најдобро сите елементи за библиографска единица да се земаат директно од книгата, Интернет, односно текстот кој се употребува.

**4. Елементи, интерпункција и нивниот редослед за креирање библиографска единица**

**Печатени извори**

**За книга:**

- Презиме на авторот, Иницијал(и).
- (година на издавање)
- *Наслов* и издание (ако не е прво),
- Иницијали на преведувачот. Презиме на преведувачот , (ако го има)
- Место на издавање:
- Издавач.

Пример:

Mercer, P.A. and Smith, G. (1993) *Private Viewdata in the UK*, 2nd ed. London:Longman.

**За текст во уредувана книга, хрестоматија или зборник:**

- Презиме на авторот на текстот (статијата), Иницијали.
- (година на издавање)
- "Наслов на текстот",
- in: (или во)
- Иницијали. Презиме на уредникот или авторот на уредувана книга, хрестоматија или зборник
- ed. или eds. (ако е релевантно)
- *Наслов на книгата, хрестоматијтаа или зборникот*
- Место на издавање:
- Издавач,
- Број на страниците (од која до која) на контрибуираниот текст.

Пример:
Bantz, C.R.(1995) "Social dimensions of software development", in: J.A. Anderson, ed. *Annual review of software management and development,* Newbury Park, CA:Sage, pp.502-510.

## За статија во списание:

- Презиме на авторот, Иницијал(и).
- (година на издавање)
- "Наслов на статијата",
- *Наслов на списанието,*
- Број на волуменот и бројот на списанието:
- Број на страниците (од која до која) на контрибуираната статија.

Пример:
Evans, W.A. (1994) "Approaches to intelligent information retrieval", *Information Processing and Management,* 7 (2):147-168.

или

Evans, W.A. (1994) "Approaches to intelligent information retrieval", *Information Processing and Management,* vol.7 no.2:147-168.

**За статија во зборник од академски собир (конференција, симпозиум итн.)**

- Презиме на авторот на текстот (статијата), Иницијали.
- (година на издавање)

- Наслов на статијата,
- in: (или во)
- Иницијали. Презиме на уредникот на зборникот (ако има)
- ed. или eds. (ако е релевантно),
- *Наслов на научниот собир,* дата и место на одржувањето
- Место на издавање:
- Издавач,
- Број на страниците (од која до која) на статијата.

Пример:

Silver, K.(1991) Electronic mail: the new way to communicate, in: D. I. Raitt, ed. *9th International online information meeting*, London 3-5 December 1990, Oxford:Learned, pp.109-115.

**За публикација издадена од институција, корпорација или владино тело:**

- Име на институција или тело,
- (година на издавање)
- *Наслов,*
- Иницијали на преведувачот. Презиме на преведувачот, (ако го има)
- Место на издавање:
- Издавач,
- (Број на извештајот) (ако го има)

Пример:

UNESCO(1993) *General information programme and UNISIST*, Paris: UNESCO, (PGI-93/WS/22).

или

Euromedia Research Group (1997) *The Euromedia Handbook: The Media in Western Europe*, London: Sage.

**За магистерски труд и докторска дисертација (необјавени)**

- Презиме на авторот, Иницијал(и).
- (година)
- Наслов на трудот или дисертацијата,
- Вид на трудот, (магистерски труд или докторска дисертација)
- Име на институцијата каде што е одбранет трудот. (дисертацијата)

Примери:

Трпевска, С. (2002) Фрагментација на телевизијската публика во Република Македонија, Магистерски труд, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Скопје, Македонија.

или

Agutter, A.J.(1995) The linguistic significance of current British slang, Thesis (PhD), Oxford University, UK.

## Електронски извори

**Извори на Интернет со автор или уредник (едитор):**

Автор/уредник (година) Наслов, (издание), Место на издавање (ако е познато), Издавач (ако е познат). Интернет адреса (URL), [ дата на пристапот].

Примери:

Holland, M. (1996) Harvard system [online], Poole, Bournemouth University. Available from: http://www.windsor.igs.net/~nhodgins [18 Feb 1999].

Library Services (1995) Internet user glossary [online], North Carolina, North Carolina State University. Available from: gopher://dewey.lib.ncsu.edu:70/7waissrc%3A/ [18 Feb 1999].

UNDP (2001) "Technology Achievement Index", in *Human Development Report 2001,* Available from: http://www.undp.org/indicator/indic_270_1_1.html [11.04.2002].

NUA (2002a) How Many Online?, Available from: http://www.nua.ie/surveys/how_many_online/index.html [9.04.2002].

NUA (2002b) How Many Online? (Europe)', Available from: http://www.nua.ie/surveys/how_many_online/europe.html [9.04.2002].

**Електронски списанија на Интернет:**

Автор (година) "Наслов на статијата", *Наслов на списанието*, Волумен: број, локација на списанието (URL), [дата на пристапот].

Примери:

Holmes, D. (2002) "Transformations in the Mediation of Publicness: Communicative Interaction in the Network Society", *Journal of Computer Mediated Communication* (JCMC), 7(2). Available from: http//www.ascusc.org/jcnc/vol7/issue2/holmes.html [ 9.04.2002].

Korb, K.B. (1995) "Persons and things: book review of Bringsjord on Robot-Consciousness", *Psycoloquy* [online], 6 (15). Available from: gopher://wachau.ai.univie.ac.at:70/archives/Psycoloquy [18 Feb 1999].

**Лична кореспондеција via електронска пошта (e-mail):**

Испраќач ( e-mail адреса) (дата) Субјект на пораката, електронска пошта до (e-mail адреса на примачот на пораката).

Пример:
Lowman, D. (deborah_lowman@pbsinc.com) (18 Feb 1999). RE:ProCite and Internet Referencing, E-mail to N. Hodgins (nhodgins@windsor.igs.net).

**ЦД-РОМ:**

Ова се однесува на ЦД-РОМ - ови кои се авторски дела, а не на делови од бази на податоци
Автор/уредник (година на издавањето) *Наслов* [тип на медиумот-ЦД-РОМ] (издание), Место на издавање: Издавач. идентификацијски број (ако има).

Пример:

Hawking, S.W. (1994) *A Brief history of time: an interactive adventure* [CD-ROM], Crunch Media.

Институт Отворено Општество Македонија (1997) *Македонски древности: Културно наследство на Македонија* [ЦД-РОМ], ЕИН-СОФ: Скопје.

**4. Белешки (Notes)**

Според Харвард системот, белешките обично се ставаат на крајот на текстот поредени под реден број. Најдобро е на вашиот компјутер на Менито на Microsoft Word да ја одберете опцијата “Insert” потоа опцијата “footnote” и на неа да ја одберете опцијата“endnote” и потоа да ги вметнувате белешките на тој начин. Кога ќе ја одберете опцијата “endnote” ќе ви се отвори прозорче за пишување на белешката, која автоматски ќе се префрли на крајот на документот.

Алтернативно можете да употребите и фусноти за ваши белешки кои се редат под реден број . Најдобро е на вашиот компјутер на Менито на Microsoft Word да ја одберете опцијата “Insert”, потоа опцијата “footnote” и на неа да ја одберете опцијата “footnote” и потоа да ги вметнувате белешките на тој начин. Кога ќе ја одберете опцијата “footnote” ќе ви се отвори прозорче за пишување на белешката, која автоматски ќе се префрли на крајот на страницата.

Многу е важно бројот кој се појавува во делот на текстот на кој се однесува белешката да кореспондира со бројот на фуснотата на иста страница.

**Напомена:** Користете ги белешките штедливо, и тоа само во случај кога тоа што сакате да го кажете не може да се вклопи во текстот

## 5. Пример за Користена литература и Библиографија

Вообичајно е кон текстот да се приложи или **Користена литература** или **Библиографија**. Но, постојат и исклучоци. Поради тоа најдобро е да се консултирате со вашиот ментор.

Стилот и изгледот на **Користена литература** и **Библиографија** во Харвард системот се исти. Како што е спомнато погоре во Харвард системот и **Користена литература** и **Библиографија** се пишуваат по абецеден ред во вид на листа на автори и нивните дела. Презимето на авторот секогаш доаѓа на прво место и по презимето се определува местото на листата. Единствена разлика меѓу нив е таа што во **Користена литература** се наведуваат исклучиво библиографски единици за изворите кои се употребени (цитирани, парафразирани или спомнати) во текстот, додека во ставот **Библиографија** освен библиографски единици за изворите кои се употребени (цитирани, парафразирани или спомнати) во текстот, може да се наведат и дела кои биле консултирани, а не биле и директно спомнати во текстот.

Пример:

**Користена литература** (или **Библиографија)**

Abbate, J. (1999) *Inventing the Internet,* Cambridge, MA: MIT Press.

Balalovska, K. (2002) “A Historical Background to the Macedonian-Albanian Interethnic Conflict”, in K. Balalovska, A. Silj, and M. Zucconi (eds.) *Minority Politics in Southeast Europe: Crisis in Macedonia,* Rome: Ethnobarometer, pp.109--124

Berland, J. (2000) “Cultural Technologies and the ‘Evolution’ of Technological Cultures”, in A. Hermann and T. Swiss (eds.) *The World Wide Web and Contemporary Cultural Theory.* London and New York: Routledge, pp. 235--258

Buchstein, H. (1997) ‘Bytes That Bite: The Internet and Deliberative Democracy”, *Constellations* 4(2): 248--63.

De Kerckhove, D. (ed.)(1997) *Connected Intelligence: The Arrival of the Web Society,*Toronto: Somerville House.

Gumucio-Dagron, A. (2001) “Is the Internet a Form of Electronic Apartheid?”, Media Development 1:2001, Available from: http://www.wacc.org.uk/publications/md/md2001-1/gumucio_dagron.html [29.05.2002].

Hawking, S.W. (1994) *A Brief history of time: an interactive adventure* [CD-ROM], Crunch Media.

Healy, D. (1997) “Cyberspace and Place: The Internet as Middle Landscape on the Electronic Frontier, in D. Porter (ed.) *Internet Culture*. London: Routledge, pp.55-72.

Holmes, D. (2002) “Transformations in the Mediation of Publicness: Communicative Interaction in the Network Society”, *Journal of Computer Mediated Communication* (JCMC), 7(2). Avaliable from: http//www.ascusc.org/jcnc/vol7/issue2/holmes.html [9.04.2002].

Internet Software Consortium (2002) “Distribution of Top-Level Domain Name by Host Count”, Available from: http://www.isc.org/ds/WWW-20021/dist-bynum.html [8.04.2002].

IREX ProMedia (2002) Media Use in Macedonia (Spring2002), unpublished survey, Skopje, Macedonia.

NUA (2002a) ‘How Many Online?, Available from: http://www.nua.ie/surveys/how_many_online/index.html [ 9.04.2002].

NUA (2002b) ‘How Many Online? (Europe)’, Available from: http://www.nua.ie/surveys/how_many_online/europe.html [ 9.04.2002].

UNDP (2001) ‘Technology Achievement Index’, in *Human Development Report 2001,* Available from: http://www.undp.org/indicator/indic_270_1_1.html [11.04.2002].

***

**Користена литература:**

Gibaldi, J. and Achtert, W. S. (1988) *MLA Handbook for Writetrs of Research Papers,* 3rd ed., The Modern Language Association of America: New York.

Marshall, L. and Rowland, F. (1993) *A Guide to Learning Independently,* 2nd ed, Longman Chesire: Melbourne.

Monash University library (2006) “Citing and referencing” http://www.lib.monash.edu.au/tutorials/citing/index.html [9.01.2007]

Monash University Library (2006) “Harvard (author-date) style examples”, *Library online tutorials,* http://www.lib.monash.edu.au/tutorials/citing/harvard.html [3.11.2007].

Кандидатот текстот на пријавата да го достави во пишана и електронска форма. Во пријавата **да не наведува информации** од типот се консултирав со тој и тој професор, Предлагам ментор да ми биде тој и тој. Тие прашања се регулирани во Правилникот на Универзиитетот.